Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

## Извадок на ден од дневните настани 21.08.2024

На 20.08.2024 во 22.45 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Д.(18) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.08.2024 во 20.15 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(30) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.08.2024 во 18.30 часот во с.Камењане, тетовско, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово го лишиле од слобода С.И.(50) од Гостивар затоа што кај него биле пронајдени кокаин. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.08.2024 во 20.30 часот на локален пат од с.Боговиње кон с.Горно Седларце, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане ги лишиле од слобода С.И.(37) од с.Боговиње, А.И.(34) од с.Боговиње и А.М.(43) од с.Горно Седларце. Откако полициските службеници се доближиле до патничкото возило „скај" со тетовски регистарски ознаки, во кое биле лицата, А.М. растурил кокаин по патоснишите во возилото, кој беше подигнат за понатамошна постапка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.08.2024 во 01.00 часот на ул.„Браќа Ѓиноски" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода А.Л.(22), Е.И.(23) и Б.Р.(24) сите од с.Топлица, гостиварско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 20.08.2024 во 20.30 часот на ул.„Методија Андонов Чешо" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „лежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ј.(75) од Скопје и мопед со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.К.(50) од Скопје. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 20.08.2024 во 13.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Сутјеска" во Штип, патничко возило „опел корса" без регистарски ознаки удрило во решетот Ц.К.(67) од Штип, по што возачот со возилото го напуштило местото. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобила Ц.К., констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.08.2024 во 06.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека на регионалниот пат Берово-Струмица, на место викано „Џердови воденици",патничко возило „фиат добло" со беровски регистарски ознаки, управувано од П.В.(19) од с.Ратево, беровско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Здравствен дом Берово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Берово.

На 20.08.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на ул. „Ристо Шукуев" во Гевгелија се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл без регистарски таблици, управуван од малолетник од Гевгелија и патничко возило „опел" со гевгелиски регистарски ознаки. управувано од З.К.(42) од с.Богородица, гевгелиско. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гевгелија.

На 20.08.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, Г.С.(52) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 20.08.2024 во 17.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Д.Ш.(39) од Скопје пријавил дека на ул.„Хаи Јован Шишко" во Скопје, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 20.08.2024 во 18.00 часот во Полициската станица Чаир, З.А.(69) од Скопје пријавил дека на ул.„Индира Ганди" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Б.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 31.07.2024 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен амфетамин.

На 20.08.2024 во 00.51 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Васко Карангелевски" во Битола настанал пожар во паркиран патничко возило „форд фиеста" со битолски регистарски ознаки, сопственост на З.Б.(41) од Битола. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Т.Ф.(33) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 30.07.2024 во с.Страчиници, скопско, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена бела грутеста материја. Подоцна, бил извршен и претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени и одземени кокаин и дигитална вага.

На 20.08.2024 во 22.10 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ш.(22) од с.Петровец и Б.В.(21) од с.Зелениково. Тие се сомничат дека околу 20.20 часот во населено место Дрен, скопско, физички го нападнале З.Н.(22) од с.Мрадино, општина Илинден, по што Б.Б. со остар предмет му нанел уводни рани. З.Н. бил пренесен во Градската општа болница Св.„Наум Охридски", а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.А.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 20.07.2024 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

На 21.08.2024 во 01.45 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека со повреди и за чкажување помош кај нив дошол Ф.Р.(22) од Куманово. Според пријавеното, околу 01.00 часот во парк на подрачјето на Карпош тој бил физички нападнат од неколку лица, при што се здобил со повреди. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ц.И.(45) и С.Р.(34), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „соизвршителство" во врска со „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.08.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавените, при што биле пронајдени и одземени марихуана и канабис.

Денеска (21.08.2024) во 03.30 часот во СВР Скопје, О.А.М.(20) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје била физички нападната од две лица вработени како обезбедување во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.М.(38) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 27.03.2024 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен хероин.

Денеска (21.08.2024) во 08.30 часот во Полициската станица Кисела Вода бил извршен службен разговор со С.К.(45) и В.С.(48), двете од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека на 18.08.2024 во домот на подрачјето на Карпош двете физички го нападнале малолетниот син на С.К.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Ј. од с.Војшанци, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.04.2024 во Неготино, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.08.2024 во 19.50 часот во Полициската станица Велес, А.Н.(73) од Велес пријавил дека на улица „Никола Карев" во Велес бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Х.Н.(18) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.08.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.08.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје, А.С.(45) од Скопје пријавил дека на 19.08.2024 околу 16.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од неговиот сосед С.Н., кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.Ш.(42) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 20.02.2024 во Ресен, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.08.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје М.С.(52) од с.Ново Село, скопско, пријавил дека во просторија од црква во селото бил физички нападнат од Б.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Х.О.(42) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „довозмокување на употреба наркотични дроги". На 18.02.2024 во Струмица, полициски службеници го затекнале пријавениот со уште две лица, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.08.2024 во 17.20 часот во Полициската станица Аеродром, П.Д.(82) од Скопје пријавил дека на ул.„Мите Богоевски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(36) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 01.07.2023 на регионалниот пат Тетово - Пирок, во с.Долно Палчиште, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.08.2024 во 08.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопственот дом на подрачјето на Карпош во Скопје била пронајдена починатата М.В.(75) од Скопје, која имала здравствени проблеми. Лекар од итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Л.Д.(26) од с.Сушица, струмичко и В.З.(20) од с.Босилово, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.03.2024 во с.Сушица, полициски службеници извршиле претрес во домот каде престојува првопријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, од која претходно му продавал на второпријавениот.

На 20.08.2024 во 21.00 часот во СВР Куманово, М.Ј.Ѓ. (32) од Куманово пријавила дека на улицата „Тоде Дунба" била касната од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ф.В.(30) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 31.12.2023 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед над друго лице, при што бил пронајден и одземен кокаин, кој го набавил од пријавениот.

На 20.08.2024 во 14.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопственот дом на подрачјето на Чаир во Скопје бил пронајдат починатиот И.С.(69) од Скопје, кој имал здравствени проблеми. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.К.(27) и К.Ј.(37), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.06.2023, полициски службеници извршиле преглед во возилото кое го управувал второпријавениот, при што бил пронајден и одземен метанфетамин, кој го набавил од првопријавениот.

На 20.08.2024 во 21.30 часот во СВР Куманово, Д.И.(33) од Куманово пријавил дека бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Х.Ј.(28) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјал". На 08.06.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошни простории на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Јоракки" калибар 9 мм, рамка со куршуми за пиштол „Јервена застава" калибар 7,65 и други куршуми со различен калибар.

На 20.08.2024 во 09.50 часот во Полициската станица Аеродром, В.Д.(41) од Скопје пријавил дека од местото каде престојувал се одделил Д.К.(41) од Непал, кој бил вработен во фирма во Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Г.М.(19) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „довозмокување на употреба на наркотични дроги". На 14.12.2023 во Битола, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одделе марихуана, која ја користел со други две лица.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.З.(41) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 13.07.2024 во Штип, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.А.(42) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас". Во периодот од 25.05.2023 до 25.04.2024 во с.Камењане, пријавениот ја преместил мерната опрема, при што извршил директно врзување на електрична мрежа без мереење, со што на ЕВН Македонија предизвикал материјална штета од околу 232.071 денари.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(35) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 24.07.2024, по претходна расправија, пријавениот упатил закани на неговата мајка и на неговиот брат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.К.(31) од с.Теново, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „протиредарско лишување од слобода". На 22.03.2024 во Тетово, пријавениот со употреба на сила внел девојка од Тетово во неговото возило, по што физички ја нападнал.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет